ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД

Тел./Факс:++389 46 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 530-0001000731-36 Даночен бр.: МК 4020989101655
Депонент: " Охридска Банка" - Охрид

# И З В Е Ш Т А Ј
**за остварените резултати од работењето**
**на Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД**
**за периодот 01. Јануари – 31.Декември 2020 год.**

Охрид,
Февруари 2021 година

Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-370/5
05.03.2021 год.
Охрид

## I. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид е локално јавно претпријатие основано од страна на Општина Охрид, организирано за извршување на комунални дејности на територијата на Општина Охрид, чии широк спектар на активности се сублимираат во следниве основни дејности:

- Собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад;

- Одржување на јавната чистота во градските и приградските населби;

- Одржување на градските паркови, зеленила, парк шуми;

- Одстранување и чување на непрописно паркирани возила, украсување на населени места и многу други активности од комуналната сфера..

Дејноста и активностите на Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид се регулирани и усогласени согласно законските и подзаконските акти и тоа: Законот за јавни претпријатија, Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпад, Закон за Јавна чистота и други законски прописи.

Модерен и чист град, чиста урбана средина, заштита на животната средина и намалување на трошоците се наша заложба. Со меѓусебна, транспарентна, јасна и отворена комуникација секојдневно градиме партнерски однос со граѓаните, а нивното задоволство и исполнување на нивните потреби за здрава и чиста околина, го потврдуваат успехот на нашето работење.

Во согласност со Програмата за работа за 2020 год. се определени и планирани начинот и динамиката на собирање на отпадот од домаќинствата и стопанските субјекти, начинот и динамиката на одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Охрид и приградските населби, одржување на јавното зеленило, организационо – техничката опременост и финансиски показатели.
При извршувањето на дејностите од јавен интерес јавното претпријатие ги почитува принципите на сигурност во давање на услугите, континуитетот и квалитет на услугата, транспарентност, квалитет на услугата, достапност и универзална услуга и заштита на корисниците.

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид преку разни средства се стреми за развивање на еколошката свест кај локалното население, со цел да им покаже на граѓаните и правните субјекти дека грижата за животната средина треба да добие карактер на економски стимул. Едукацијата на најмладата популација на нашиот град е важен сегмент во нашето работење, за намалување на количеството отпад и зачувување на количеството на отпад и зачувување на човековата околина.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Процесот на работа во јавното претпријатие е организирана на ниво на Сектори, одделенија и оддели, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизацијана Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид бр. 03-437/2 од 24.03.2016 година. усвоен со Одлука од Управен одбор бр. 02-437/3 од 24.03.2016 година. Во Секторите постојат облици на работно организирање во кои се обавува процесот на работа, а кои се во согласност со потребите и условите за работа.

Дејностите и работите во **Ј.П "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" – ОХРИД** се обавуваат во следните Сектори и одделенија:

*** СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

- **Одделение за Услужна хигиена**
- **Одделение за Јавна хигиена**
- **Одделение за Депонија**

*** СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

- **Одделение Расадник со Производство**
- **Одделение Паркови и Зеленило**

*** СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА**

- **Одделение за Експлоатација на возен парк**
- **Одделение за Одржување на механизација и возила**

*** СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

- **Одделение за Сметководство**
- **Одделение за АОП**
- **Одделение за Наплата**
- **Одделение за Јавна набавка**

*** СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**

- **Одделение за Општи и правни работи**
- **Одделение за Човечки ресурси**

Според бројот, работниците на Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид се распоредени по сектори како во следната табела:

| | КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | | | | | | ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО | | МЕХАНИЗА ЦИЈА | | ФИНАНСИ-СКО РАБОТЕЊЕ | | ОПШТИ ПРАВНИ РАБОТИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавна | | Услужна | | Депонија | | | | | | | | | |
| Број на вработени | 50 | 10 | 54 | 9 | 3 | 1 | 40 | 3 | 44 | 3 | 45 | 1 | 26 | |
| | | | | | | | | | | | | | **Вкупно:** | **289** |

## III. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

Бројот, динамиката и квалификацијата на вработените во Ј.П."Охридски Комуналец" - Охрид за пресметковниот период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година прикажани се во табели.

*Бројот на вработени*
*по месеци*

| месец / год. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2020** | 290 | 292 | 292 | 291 | 291 | 291 | 293 | 291 | 293 | 293 | 291 | 289 |
| **2019** | 283 | 290 | 288 | 287 | 289 | 286 | 288 | 292 | 292 | 291 | 291 | 292 |

Бројот на вработени за пресметковниот период 01.01.2020 год. – 31.12.2020.година во просек изнесува 291 вработени , а заклучно со месец декември 2020 година бројот на вработени изнесува 289 од кои 262 вработени на неопределено време , а 27 на определено работно време.

Работниците кои беа вработени на определено време склучуваа договор за работа на определено време за период од 30 дена.. Сите вработувања беа во рамките на законските прописи, односно врз основа на претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Охрид, а со посредство на Центарот за вработување Охрид. Вработувањата беа во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 03-437/2 од 24.03.2016 година.

*Број на вработени по работни единици*
*заклучно со 31.12.2020. година*

| | **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | | | | | | **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | **СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА** | | **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | | **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавна | | Услужна | | Депонија | | | | | | | | | |
| | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. |
| Директор | | | | | | | | | | | | | 1 | |
| Пом. дир. за оперативно – технички работи | | | | | | | | | | | | | | |
| Раководители | 1 | | 1 | | | | 1 | | 2 | | 5 | | 1 | |
| Предводници | 1 | | 1 | | | | 2 | | 4 | | | | | |
| Извршители | 48 | 10 | 52 | 9 | 3 | 1 | 37 | 3 | 38 | 3 | 40 | 1 | 24 | |
| **Вкупно: 289** | **50** | **10** | **54** | **9** | **3** | **1** | **40** | **3** | **44** | **3** | **45** | **1** | **26** | |

## IV. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Преку финансиските извештаи треба да се обезбедат информации за финансиската состојба и работење на претпријатието што пак ќе се користат за донесување на правилни економски решенија. Тие ги покажуваат резултатите од раководството и управувањето со доверените средства со доверените средства односно финансиските извештаи обезбедуваат информации за средствата, капиталот, обврските, приходите и расходите вклучувајќи ја добивката или загубата на претпријатието.

Финансиските извештаи ги сочинуваат :

1. Биланс на успех
2. Биланс на состојба

Врз основа на добиените податоци од сметководствената евиденција прикажани се вкупните приходи по конта и структурата на расходите т.е. трошоците.

### IV.1. Биланс на успех

Во Билансот на успех или извештајот за финансискиот резултат вредноста на вкупните приходи во износ од 135,250,017.00 денари се поголеми од вкупните расходи кои изнесуваат 129,163,265.00 денари.

Бруто добивката за периодот од 01. Јануари до 31.Декември 2020 година се јавува како разлика меѓу приходите од основни дејности зголемени за вредноста на приходите од други дејности и разликата на залихите на готови производи на почетокот на годината и залихата на готови производи на крајот на годината и расходите од основни дејности зголемени за вредноста на расходите од други дејности.

Бруто добивката во вредност од 6,086,752.00 денари е прикажана во табелата на Биланс на успех. Расходите од работењето во себе ги содржат трошоците за суровини и материјали, набавната вредност на продадени стоки, услуги со карактер на материјални трошоци, трошоци за вработените, плати и надоместоци на плата (нето), придонеси од задолжително социјално осигурување, вредносно усогласување на тековни средства и амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства.

Споредбата на приходите и расходите во табелата на Билансот на успех е направена за 2020 и 2019 година. Секое зголемување или намалување на приходите и расходите искажано е преку индекс. Приходите од работењето во вредност од 135,202,446.00 денари во 2020 год. споредени со приходите од работењето од минатата 2019 год. се помали и имаат индекс од 98%. Финансиските приходи во вредност од 47,571.00 денари во споредба со финансиските приходи од 2019 година се помали и имаат индекс од 19%.

Расходите од работењето во вредност од 127,930,944.00 денари за 2020 година споредени со расходите од работењето од минатата 2019 година се помали и имаат индекс од 99%. Финансиските расходи во вредност од 1,274,881.00 денари во споредба со финансиските расходи од 2019 година се поголеми и имаат индекс од 132%.

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**(ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА)**
**за периодот од 01.01. до 31.12.2020.година**

| р.бр. | Вид на приходи или расходи | 2020 год. износ | 2019 год. износ | Индекс % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **135,202,446.00** | **138,588,118.00** | **98** |
| 2 | Приходи од продажба | 129,917,003.00 | 138,583,640.00 | 94 |
| 3 | Останати приходи | 5,285,443.00 | 4,478.00 | |
| 4 | Залиха на готови п-ди и на недовршено производство на почетокот на годината | 1,660,271.00 | 1,676,841.00 | 99 |
| 5 | Залиха на готови п-ди и на недовршено производство на крајот на годината | 1,702,831.00 | 1,660,271.00 | 103 |
| 6 | **II.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **127,930,944.00** | **129,827,292.00** | **99** |
| 7 | Трошоци за суровини и други материјали | 23,744,080.00 | 25,540,558.00 | 93 |
| 8 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 6,905,606.00 | 5,826,589.00 | 119 |
| 9 | Останати трошоци од работењето | 2,376,867.00 | 5,990,532.00 | 40 |
| 10 | Трошоци за вработените | 92,287,689.00 | 86,972,524.00 | 106 |
| 11 | Плата и надоместоци на плата (нето) | *62,105,915.00* | *57,506,521.00* | 108 |
| 12 | Трошоци за даноци на плата и надомест на плата | *3,750,024.00* | *3,357,579.00* | 112 |
| 13 | Придонеси од задолшително социјално осигурување | *25,623,212.00* | *23,147,358.00* | 111 |
| 14 | Останати трошоци за вработените | 808,538.00 | 2,961,066.00 | 27 |
| 15 | Амортазација на материјални и нематер. с-ва | 1,948,320.00 | 2,040,868.00 | 95 |
| 16 | Вредносно усогласување на тековни с-ва | | 1,711,234.00 | |
| 17 | Останати расходи од работењето | 668,382.00 | 1,744,987.00 | 38 |
| 18 | **III.ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **47,571.00** | **255,086.00** | **19** |
| 19 | Приходи по основ на камата од работењето со неповрзани друштва | 47,571.00 | 255,086.00 | 19 |
| 20 | Останати финансиски приходи | | | |
| 21 | **IV.ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **1,274,881.00** | **962,964.00** | **132** |
| 22 | Расходи по основ на камата од работењето со неповрзани друштва | 1,274,881.00 | 847,898.00 | 150 |
| 23 | Расход по основ на курсни разлики од работењето со повзано друштво | | 115,066.00 | |
| 24 | Добивка од редовното работење | 6,086,752.00 | 8,036,378.00 | 76 |
| 25 | Добивка пред оданочување | 6,086,752.00 | 8,036,378.00 | 76 |
| 26 | Данок на добивка | 784,606.00 | 1,010,332.00 | 78 |
| 27 | Нето добивка за деловната година | 5,302,146.00 | 7,026,046.00 | 75 |
| 28 | Просечен број на вработени | 289 | 292 | 99 |
| 29 | Број на месеци на работењето | 12 | 12 | |
| 30 | Добивка на годината | 5,302,146.00 | 7,026,046.00 | 75 |
| 31 | Вкупна сеопфатна добивка на годината | 5,302,146.00 | 7,026,046.00 | 75 |

## IV.2 Биланс на состојба

Добивката за периодот од 01.Јануари до 31.Декември 2020 година утврдена во Билансот на успех се прикажува во Билансот на состојба. Тоа е извештај за финансиската состојба на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид на средствата, обврските и капиталот. Билансот на состојба е составен од две страни: актива и пасива.

Вкупната АКТИВА во вредност од 126,576,738.00 денари споредена со активата од минатата година од 2019 година е поголема со индекс од 107%. Во активата прикажани се средствата:

- *Нетековните средства* во вредност од 23,022,574.00 денари ја сочинуваат нематеријални средства во вредност од 162,917.00 денари, материјалните средства во вредност од 22,631,533.00 денари и вложувањата во подружници во вредност од 228,124.00 денари. Материјалните средства во 2020 год. споредени со истите во 2019 год. имаат индекс 92%, а финансиските вложувања во 2020 год. споредени со истите вложувања во 2019 год. покажуваат индекс 100 %.

- *Тековните средства* во вредност од 103,554,164.00 денари споредени со истите во 2019 год. покажуваат индекс на зголемување од 110 %. Тековните средства ги сочинуваат краткорочните побарувања во вредност од 81,623,445.00 денари, залихите во вредност од 7,802,527.00 денари и паричните средства во вредност од 14,128,192.00 денари.

Краткорочните побарувања за 2020 година споредени со истите од 2019 година покажуваат индекс од 115%, залихите во 2020 година споредени со истите од 2019 година имаат индекс од 109%, додека паричните средства во 2020 година споредени со паричните средства во 2019 година покажуваат индекс од 89%.

Вкупната ПАСИВА во вредност од 126,576,738.00 ден. во табелата е прикажана преку:

- основна главнина (капитал)
- акумулирана добивка
- добивка за деловната година
- краткорочни обврски
- одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди

Основната главнина изнесува 10,109,272.00 денари; акумулираната добивка во вредност од 52,330,621.00 денари споредена со истата во изминатата 2019 год. е поголема со индекс од 115%. Нето добивката во вредност од 5,302,146.00 денари споредена со минатата 2019 година е со индекс од 75%. Во обврски влегуваат обврските спрема добавувачите, обврските за даноци и придонеси од плата, обврски кон вработените, тековни даночни обврски и останати обврски. Краткорочните обврските во 2020 година изнесуваат 54,687,635.00 денари и во споредба со истите во 2019 година покажуваат индекс од 105%.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## (ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА)
### за периодот од 01.01. до 31.12.2020 година

| | 2020 год. | 2019 год. | Индекс |
|---|---|---|---|
| | износ | износ | % |
| **А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **23,022,574.00** | **24,698,393.00** | 93 |
| **I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | ***162,917.00*** | ***220,417.00*** | 74 |
| софтвер | *162,917.00* | *220,417.00* | 74 |
| **II.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | ***22,631,533.00*** | ***24,249,852.00*** | 92 |
| недвижности | *9,630,855.00* | *9,960,317,00* | 97 |
| земјиште | 3,629,400.00 | 3,629,400.00 | 100 |
| градежни објекти | 6,001,455.00 | 6,330,917.00 | 95 |
| постројки и опрема | *262,475.00* | *934,824.00* | 28 |
| транспортни средства | *12,643,716.00* | *13,242,951.00* | 95 |
| алат, погонски и канцелариски материјал | *94,487.00* | *111,760.00* | 85 |
| **III. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | ***228,124.00*** | ***228,124.00*** | 100 |
| вложување во подружница | 228,124.00 | 228,124.00 | 100 |
| **В.ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **103,554,164.00** | **94,055,978.00** | 110 |
| **I. ЗАЛИХИ** | ***7,802,527.00*** | ***7,133,473.00*** | 109 |
| залихи на суровини и материјали | 321,428.00 | 244,553.00 | 131 |
| залихи на резервни делови, ситен инвентар амбалажа и автогуми | 5,778,268.00 | 5,228,649.00 | 111 |
| залихи на недовршени производи и полупроизводи | 1,702,831.00 | 1,660,271.00 | 103 |
| **II. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | ***81,623,445.00*** | ***71,053,219.00*** | 115 |
| побарувања од купувачи | 78,925,562.00 | 67,708,588.00 | 117 |
| побарувања за дадени аванси од добавувачи | | | |
| побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и др. | 190,169.00 | 473,660.00 | 40 |
| побарувања од вработените | 93,730.00 | 39,731.00 | 236 |
| Побарувања за повеќе платен данок | 2,413,984.00 | 2,831,240.00 | 85 |
| **III.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | ***14,128,192.00*** | ***15,869,286.00*** | 89 |
| парични средства | 14,128,192.00 | 15,869,286.00 | 89 |
| **АКТИВА:** | **126,576,738.00** | **118,754,371.00** | **107** |
| **А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **68,752,966.00** | **63,450,819.00** | 108 |
| **I.ОСНОВНА ГЛАВНИНА** | *10,109,272.00* | *10,109,272.00* | |
| **II. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА** | *52,330,621.00* | *45,423,383.00* | 115 |
| **III. ЗАКОНСКИ РЕЗЕРВИ** | *1,010,927.00* | *892,118.00* | 113 |
| **IV. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | *5,302,146.00* | *7,026,046.00* | 75 |
| **Б. ОБВРСКИ** | **57,823,772.00** | **55,303,552.00** | 105 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **I.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | ***54,687,635.00*** | ***51,953,674.00*** | 105 |
| обврски спрема добавувачи | 44,612,926.00 | 41,750,383.00 | 107 |
| обврски за даноци и придонеси од плата и надомести од плата кон вработените | 2,341,158.00 | 2,279,096.00 | 103 |
| обврски кон вработените | 5,972,453.00 | 5,990,174.00 | 100 |
| тековни даночни обврски | 1,639,955.00 | 1,708,082.00 | 96 |
| обврски по заеми и кредити | | | |
| останати краткорочни обврски | 121,143.00 | 225,939.00 | 54 |
| **II. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)** | **3,136,137.00** | **3,349,878.00** | 94 |
| **ПАСИВА:** | **126,576,738.00** | **118,754,371.00** | **107** |

***Преглед на промените на капиталот и резервите за 2020 година***

Промени на капиталот и резервите за 2020 год. прикажани се во следната табела:

| **Позиција** | **Состојба на 31.12.2019 год.** | **Зголемување** | **Намалување** | **Состојба на 31.12.2020 година** |
|---|---|---|---|---|
| Капитал | 10,109,272.00 | | | 10,109,272.00 |
| Резерви | 892,118.00 | 118,809.00 | | 1,010,927.00 |
| Акумулирана добивка | 52,449,429.00 | | 118,809.00 | 52,330,621.00 |
| Добивка | | 5,302,146.00 | | 5,302,146.00 |
| **Вкупно:** | 63,450,819.00 | | | 68,752,966.00 |

## ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ

*(во 000 денари)*

| | |
|---|---|
| ***I. Парични текови од оперативните активности*** | |
| Нето добивка (добивка по оданочување) | 5,302 |
| Усогласување за: | |
| Амортизација | 1,948 |
| Расходи од камата | (1,275) |
| Приходи од камата | 48 |
| Исправка на вредноста на залихите | |
| Исправка на вредноста на побарувањата | (395) |
| *Добивка пред промени во обртни средства* | *5,628* |
| | |
| Промени кај побарувањата | (9,152) |
| Промени кај залихите | 604 |
| Промени кај обврските од добавувачи | 1520 |
| *Нето пари употребени во работењето* | *(7,028)* |
| | |
| Платен /повратен данок на добивка | |
| ***Нето парични текови од оперативни активности*** | |
| | |
| ***II. Парични текови од вложувачки активности*** | 341 |
| Зголемување на тековни средства опрема | *(341)* |
| ***Нето парични текови од вложувачки активности*** | |
| | |
| ***III.Нето зголемување или намалување на пари и паричн еквиваленти*** | *(1,741)* |
| ***IV. Пари и паричн еквиваленти на почеток на годината*** | *15,869* |
| ***V. Пари и паричн еквиваленти на крајот на годината*** | *14,128* |
| | |

## V. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

* Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид ги има изготвено своите финансиски извештаи врз основа на пресметковна основа (фактурирана реализација).

### *- Реализација*

Во табелата на вкупните приходи за пресметковниот период од 01.Јануари до 31.Декември 2020 година приходите на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид изнесуваат 135,250,017.00 денари или со индекс од 97% добиен како резултат на споредување на приходите од 2020 година со вкупните приходи од 2019 година за истиот пресметковен период. Вредноста на вкупните приходи е добиена како резултат на зголемувањето или намалувањато на пединечните приходи пооделно во работните единици.

Во вкупната структура на приходи во 2020 година најголемо учество имаат *Приходите од ѓубретарина од граѓани* по основ на услуга,подигање, транспорт и депонирање на комунален смет во вредност од 72,521,258.00 денари; *Приходи од претпријатија* по основ на услугата подигање, транспортирање и депонирање на смет од мали и големи правни лица – редовно и вонредно со вредност од 34,389,815.00 денари; *Приходи од јавна чистота* во вредност од 10,550,627.00 денари врз основа на извршени активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2020 год., Приходи од зеленило со вредност од 8,714,569.00 денари по основ на извршени активности предвидени со Програмата за работа од Градскиот Совет на Општина Охрид за јавно зеленило, продажба расаден материјал, хортикултурно уредување на дворови, паркови и сообраќајни клучки, кроење дрвореди по улици на град Охрид; *Приходи од субвенции* од Општина и *донации* од влада на износ од 5,248,500.00 денари; *Приходи од комунални услуги градежи* на износ од 1,703,687.00 денари, а се однесуваат за вонредно чистење на просторот од смет како последица на превземени градежни работи; *Приходи од услуга со транспортно средство* со вредност од 1,022,230.00 денари чистење, транспорт и депонирање комунален отпад од диви депонии, јавни и сообраќајни површини, ископ на канали, испорака отпадна хартија, отстранување шут и кабаст отпад, окрег и реси, ангажирање цистерна за миење; *Други приходи* со вредност од 554,010.00 денари; *Приходи од наемнина* со вредност од 460,807.00 денари; *Приходи од камати* со вредност од 47,571.00 денари; *Приходи од минати години* со вредност од 36,943.00 денари.

Анализирајќи ја споредбата на приходите од 01.Јануари до 31.Декември 2020 год. со приходите од минатата 2019 година се добиваат индекси кои покажуваат зголемување или намалување на поединечните или вкупните приходи во 2020 год. во однос на минатата 2019 година.

**ОСТВАРЕНИ ВКУПНИ ПРИХОДИ**
**(СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНА ГОДИНА)**
**за периодот од 01.01. до 31.12.2020 година**

| | **2020 год.** | | **2019 год.** | | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на приход** | износ | структура | износ | структура | % |
| **1.ХИГИЕНА** | | | | | |
| Приходи од ѓубретарина од граѓани | 72,521,258.00 | *53,62* | 71,447,908.00 | *51* | 106 |
| Приходи од претпријатија | 34,389,815.00 | *25,43* | 37,474,545.00 | *26* | 92 |
| Приходи од средствата од јавна чистота | 10,550,627.00 | *7,80* | 13,877,233.00 | *10* | 76 |
| **2.ПРИХОДИ ОД ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| Приходи од зеленило | 8,714,569.00 | *6,44* | 7,650,550.00 | *6* | 114 |
| **3.МЕХАНИЗАЦИЈА** | | | | | |
| Приходи од услуга со услуга со транспортно средство | 1,022,230.00 | *0,76* | 4,667,961.00 | *3,36* | 22 |
| **4.ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | 460,807.00 | *0,34* | 378,108.00 | *0,27* | 122 |
| **5.ПРИХОДИ ОД МИНАТИ ГОДИНИ** | | | 4,478.00 | *0,02* | |
| **6.ПРИХОДИ ОД КОМУНАЛНИ УСЛУГИ – ГРАДЕЖИ** | 1,703,687.00 | *1,26* | 2,773,077.00 | *2* | 61 |
| **7. ПРИХОДИ ОД СУБВЕНЦИИ И ДОНАЦИИ** | 5,248,500.00 | *3,88* | | | 100 |
| **8. ПРИХОДИ ОД МИНАТИ ГОДИНИ** | 36,943.00 | *0.03* | | | 100 |
| **9.КАМАТИ** | 47,571.00 | *0,04* | 255,086.00 | *0,18* | 19 |
| **10.ДРУГИ ПРИХОДИ** | 554,010.00 | *0,41* | 314,258.00 | *0,22* | 176 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **135,250,017.00** | ***100*** | **138,843,204.00** | ***100*** | **97** |

***- Трошоци на реализација***

** Трошоци на реализација ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурираната реализација.*

** Трошоците кои произлегуваат од комунални услуги се покриваат од услугите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкција и адаптација со која се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.*

Вкупните расходи на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид за пресметковниот период од 01.Јануари до 31. Декември 2020 год. изнесуваат 129,163,265.00 денари или со индекс од 99% добиен како резултат на споредување на расходите од 2020 год. со вкупните расходи од 2019 година за истиот пресметковен период. Трошоците се поделени во материјални трошоци; нематеријални трошоци; плати и други трошоци.

Во материјалната група на трошоци спаѓаат:

-*Потрошени суровини и материјали* во вредност од 12,064,340.00 денари, а се однесуваат најмногу за набавени резервни делови, земјоделска и парковска механизација, тампон, саксии, дрвени жардинери, набавена индустриска сол, расаден материјал, градежен материјал, печатен канцелариски материјали сметки и фактури, материјал за хигиена;

- *Трошоците за нафта и гориво* во вредност од 8,953,868.00 денари, а најголем дел се однесуваат на потрошено гориво за возилата на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;

- *Услугите за одржување и заштита* во вредност од 4,764,671.00 денари, а се однесуваат за одржување и санација на депонија "Буково", услуги за одржување на алат и инвентар, сервис и одржување на моторни возила, услуги за одржување софтвер;

- *Трошоци на амортизација* во вредност од 1,948,320.00 денари;

- *Трошоци за одржување на ситен инвентар* во вредност од 1,923,104.00 денари се однесуваат за потрошени гуми и ситен инвентар;

- во оваа група влегуваат *трошоци за транспортни услуги* книжени на конто 411 во вредност од 763,236.00 денари по основ на комуникациски услуги, надомест интернет и телефони; *Трошоците за потрошена електрична енергија* во вредност од 760,209.00 денари; конто 415 *трошоци за вода и други комунални услуги* во вредност од 434,474.00 денари; *Останати услуги* на конто 419 во вредност од 250,448.00 денари, а се однесува на трошоци за регистрација на возила.

*Од Нематеријалните трошоци* најголема ставка се однесува на *Трошоци за промоција, пропаганда, реклама* книжени на конто 4170 во вредност од 692,777.00 денари;

- *Останати нематеријални трошоци* книжени на конто 449 со износ од од 675,691.00 денари, а се однесуваат на трошоци за објавување на доделување Договори за јавна набавка на веб – локации на Биро за јавни набавки при Министерството за финасии, стручни весници и списанија, трошоци за книги,

прирачници "Рафајлоски консалтинг", интелектуални услуги, вештачење, трошоци за извршители;

- Останати расходи од работењето книжени на конто 469 во износ од 553,946.00 денари односно трошоци за спорови и судски такси, судски спогодби ;

- *Адвокатски и нотарски услуги* на конто 44905 со износ од 506,541.00 денари;

- *Трошоци за Надзорен Одбор и Управен Одбор* на конто 442 во износ од 505,000.00 денари се однесуваат за месечни надоместоци и персонални даноци на членовите на Надзорен Одбор и Управен Одбор;

- *Надомест на трошоците на вработените* на конто 441 со износ од 462,670.00 денари се однесуваат за технолошки вишок на вработените, отпремнини, лекарски прегледи, трошоци за образование и усовршување на вработените;

- *Банкарски услуги и трошоци за платниот промет* на конто 446 во износ од 380,052.00 денари;

- *Премии за осигурување* на конто 445 во износ од 151,141.00 денари;

- *Неотпишана вредност и расходување на недвижности и расходување на недвижности и постројки* во вредност од 68,892.00 ден.;

- *Трошоци за донации* во вредност од 66,000.00 денари;

- *Дневници за службени патувања* на конто 440 кои изнесуваат 64,839.00 денари;

- *Трошоци за репрезентација* на конто 444 со износ од 60,442.00 денари

- *Расход врз основа на директен отпис на побарување* (стечајни фирми) на износ од 45,544.00 денари;

- *Трошоци за спонзорства* на конто 4430 во износ од 26,000.00 денари;

- *Трошоци за договор на дело* на износ од 6,000.00 денари;

Во износот од 91,479,151.00 денари на вкалкулирани плати книжени на конто 420 пресметани се *Платите и надоместоците на плати* за вработените во Ј.П."Охридски Комуналец"- Охрид. *Трошоци за отпремнина и награди* книжени на конто 422 во вредност од 281,029.00 ден, а се однесуваат на исплата за регрес, отпремнина и јубилејни наградби.

*Камата од работење со поврзани субјекти* во вредност од 1,274,881.00 денари се однесува за казнени камати.

# ВКУПНИ РАСХОДИ
# (СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНА ГОДИНА)
# за периодот од 01. 01 до 31. 12. 2020 година

| | **2020 год.** | | **2019 год.** | | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на расход** | Износ | структура | износ | структура | % |
| **1.МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 400-Потрошени суровини и материјали | 12,064,340.00 | 9.34 | 11,956,412.00 | *9,14* | 101 |
| 402-Трошоци на нафта и гориво | 8,953,868.00 | 6.93 | 11,642,119.00 | *8,9* | 77 |
| 403-Трошоци на ел.енергија | 760,209.00 | 0.59 | 1,035,255.00 | *0.8* | 73 |
| 407-Трошоци за ситен инвентар и гуми | 1,923,104.00 | 1.49 | 923,343.00 | *0,70* | 208 |
| 4109-Останати транспортни услуги | | | 166,365.00 | *0,12* | 100 |
| 411-Транспортни услуги | 763,236.00 | 0.59 | 632,200.00 | *0,48* | 121 |
| 413-Услуги за одржување и заштита | 4,764,671.00 | 3.69 | 3,806,833.00 | *2,90* | 125 |
| 415-Трошоци за вода | 434,474.00 | 0.34 | 414,833.00 | *0,32* | 105 |
| 419-Останати услуги | 250,448.00 | 0.19 | 221,158.00 | *0,16* | 113 |
| 430-Амортизација | 1,948,320.00 | 1.51 | 2,040,868.00 | *1,55* | 95 |
| **2.НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 440-Дневници за службени патувања | 64,839.00 | 0.05 | 165,102.00 | *0,13* | 39 |
| 441-Надоместоци на трошоци на вработени | 462,670.00 | 0.36 | 622,105.00 | *0,47* | 74 |
| 444-Трошоци за репрезентација, промоција | 60,442.00 | 0.05 | 264,078.00 | *0,20* | 23 |
| 4170-Рекламирање и пропаганда | 692,777.00 | 0.54 | 585,200.00 | *0,45* | 118 |
| 445-Премии за осигурување | 151,141.00 | 0.12 | 183,246.00 | *0,14* | 82 |
| 442-Трошоци за надомест УО и НО | 505,000.00 | 0.39 | 653,867.00 | *0,49* | 77 |
| 4430-Трошоци за спонзорства | 26,000.00 | 0.02 | 528,000.00 | *0,40* | 5 |
| 4433-Трошоци за донации | 66,000.00 | 0.05 | 456,260.00 | *0,35* | 14 |
| 446-Банкарски услуги и трош.за платен | 380,052.00 | 0.29 | 606,525.00 | *0,46* | 63 |
| 449-Останати нематеријални трошоци | 675,691.00 | 0.52 | 1,505,120.00 | *1,15* | 45 |
| 44901-Трошоци договор на дело | 6,000.00 | 0.00 | 75,500.00 | *0,06* | 8 |
| 44905-Адвокатски и нотарски трошоци | 506,541.00 | 0.39 | 1,717,936.00 | *1,31* | 29 |
| 4551-Вредносно усогласување обезвреднув.краткорочни побарувања | | | 1,310,004.00 | *1* | 100 |
| 4561-Вредносно усогласување обезвреднување рез.делови,ситен инвентар | | | 401,229.00 | *0,31* | 100 |
| 4601-Неотпишана вредност,расходување основно средства | 68,892.00 | 0.05 | 445,235.00 | *0,34* | 15 |
| 466-Расход врз основа на директен отпис на побарувања | 45,544.00 | 0.04 | 138,959.00 | *0,10* | 33 |
| 469-Останати расходи од работењето | 553,946.00 | 0.43 | 1,160,793.00 | *0,88* | 48 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.ПЛАТИ** | | | | | |
| 420-Плата и надоместоци на плата | 91,479,151.00 | 70.82 | 84,011,458.00 | *64* | 109 |
| 422-Трошоци за отпремнина и награда | 281,029.00 | 0.22 | 2,173,859.00 | *1,66* | 13 |
| **4.ДРУГО** | | | | | |
| 474-Камати од работењето | 1,274,881.00 | 0.99 | 847,898.00 | *0,64* | 150 |
| 4750-Реализирани курсни разлики | | | 115,066.00 | *0,08* | 100 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **129,163,265.00** | ***100*** | **130,806,826.00** | ***100*** | **99** |

## VI . ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ

* Амортизацијата на материјални и нематеријални средства се пресметува по стапки не пониски од со закон пропишани стапки кои се одредени така што набавната или ревалоризираната вредност на материјалните и нематеријалните средства да се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употребата на истите.

* Набавката на материјалните и нематеријални средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чинат фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

***Состојба на основните средства***

*во 000 ден.*

| | **Земјиште** | **Градежни објекти** | **Постројки и опрема** |
|---|---|---|---|
| Набавна вредност | 3,629 | 13,178 | 60,297 |
| Исправка на вредноста | | 7,177 | 47,296 |
| Сегашна вредност | 3,629 | 6,001 | 13,001 |
| Процент на истрошеност | | *54%* | *78%* |

- Градежното земјиште во билансот на состојба се искажува по проценетата пазарна вредност, која одговара на висината на надоместокот утврдена согласно по прописите за експропријација, а земјоделското земјиште, во висина на основицата за наплата на данокот на промет за соодветно земјиште, утврдена согласно прописите за данок на промет на земјиште.

Како материјалните и нематеријалните долгорочни средства се сметаат средствата со кои располага Ј.П." Охридски Комуналец" - Охрид, а кои служат за вршење на негова дејност чиј век на траење е подолг од една година, а поединечната набавна цена е поголема од 500 евра..

*НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА*

| | Патенти и лиценци | Гудвил | Софтвер | Останати средства | С-ва во подготов ка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (тековна година) | | | 230,000.00 | | | 230,000.00 |
| Зголемување | | | | | | |
| Намалување | | | | | | |
| Салдо на 31 Декември 2020 (тековна година) | | | 230,000.00 | | | 230,000.00 |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (тековна година) | | | 9,583.00 | | | 9,583.00 |
| Амортизација | | | 57,500.00 | | | 57,500.00 |
| Намалување | | | | | | |
| Салдо на 31 Декември 2020 (тековна година) | | | 67,083.00 | | | 67,083.00 |
| ***Нето сметковод. вредност на 31 Декември 2020год.*** | | | ***162,917.00*** | | | ***162,917.00*** |
| ***Нето сметковод. вредност на 1Јануари 2020год.*** | | | ***220,417.00*** | | | ***220,417.00*** |

*МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА*

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инв во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (тековна година) | 3,629,400.00 | 13,178,550.50 | 60,166,153.00 | | 76,974,103.50 |
| Зголемување | | | 341,392,50 | | 341,392,50 |
| Намалување | | | (210,399.00) | | (210,399.00) |
| Салдо на 31 Декември 2020 (тековна година) | 3,629,400.00 | 13,178,550.50 | 60,297,146.50 | | 77,105,097.00 |
| Исправка на вредноста | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2020 (тековна година) | | 6,847,633.00 | 45,876,618.00 | | 52,724,251.00 |
| Амортизација | | 329,463.00 | 1,561,357.00 | | 1,890,820.00 |
| Намалување | | | (141,507.00) | | (141,507.00) |
| Салдо на 31 Декември 2020тековна година) | | 7,177,096.00 | 47,296,468.50 | | 54,473,564.50 |
| ***Нето сметководствена вред-ност на 31 Декември 2020(тековна година)*** | ***3,629,400.00*** | ***6,001,454.50*** | ***13,000,678.00*** | | ***22,631,532.50*** |
| ***Нето сметководствена вред-ност на 1 Јануари 2020 (тековна година)*** | ***3,629,400.00*** | ***6,330,917.00*** | ***14,289,535.00*** | | ***24,249,852.00*** |

Пропишани и применети годишни стапки на амортизација се следните годишни стапки на амортизација се следни:

| *Опис* | **2020** |
|---|---|
| ***Градежни објекти*** | |
| - од армирано бетонска и метална конструкција | 2.5% |
| ***Опрема*** | |
| - погонски и деловен инвентар (машини, алати,транспортни средства и уреди) | 10% |
| - мебел и деловен инвентар | 20% |
| - компјутери со софтвер, телекомуникациска опрема, патнички возила | 25% |
| - останата неспомната опрема | 10% |

**Парични средства и хартии од вредност**

Парични средства на ден 31.12.2020 год. прикажани се во следнава табела:

*Во 000 ден.*

| **Парични средства** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|
| Парични средства на денарска сметка | 14,128 | 15,869 |
| Парични средства на денарски благајни | - | - |
| Паришни средства на девизна сметка | - | - |
| **Вкупно:** | **14,128** | **15,869** |

**Побарување од купувачи**

Побарувањето од купувачи во износ од 78,925 (во илјада денари) се однесува на побарување по основ на извршени услуги:

*000 ден..*

| ***Побарување по основ на продажба*** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|
| Побарување од купувачи во земјата | 79,321 | 69,414 |
| Вредносно усогласување на побарување од купувачи | (396) | (1,706) |
| **Вкупно:** | **78,925** | **67,709** |

**Други краткорочни побарувања**

Другите краткорочни побарувања во 2020 година изнесуваат 94 (во илјада денари):

*000 ден.*

| ***Други краткорочни побарувања*** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|
| Други краткорочни побарувања | 94 | 40 |
| **Вкупно :** | **94** | **40** |

**Залихи**

Залихите се вреднуваат според пониската од набавната и нето реализациона вредност. Набавната вредност на залихите се состои од набавна цена, увозна царина, неповратни даноци , трошоци за превоз кои настанале во врска со набавката.

Нето реализационата вредност претставува проценета продажна вредност во редовниот тек на работење намалена за трошоците за продажба.

*во 000 ден..*

| *Залихи* | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Суровини и материјали на залиха | 5,478 | 4,921 |
| Ситен инвентар | 2,290 | 2,221 |
| Производство | 1,703 | 1,660 |
| Исправка на вредноста на Ситниот инвентар | (1,669) | (1,669) |
| **Состојба на 31 Декември** | **7,802** | **7,133** |

**Краткорочни обврски спрема добавувачи**

Краткорочни обврски спрема добавувачи се состојат од следново:

*во 000 ден.*

| **Обврски спрема добавувачи** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи | 44,613 | 41,750 |
| **Вкупно:** | **44,613** | **41,750** |

Краткорочни обврски во износ од 10,074 (во илјада денари) се однесуваат на обврски за даноци и придонеси од плата, надомест на плата и останати краткорочни обврски. Овие краткорочни обврски се состојат од следното:

*во 000 ден..*

| **Краткорочни обврски** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|
| Обврски за даноци, придонеси од плата и надомест од плата кон вработените | 2,341 | 2,279 |
| Нето плати | 5,972 | 5,990 |
| Тековни даночни обврски | 1,640 | 1,708 |
| Останати краткорочни обврски | 121 | 225 |
| **Вкупно:** | **10,074** | **10,202** |

## VII. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Вреностите во финансиските извештаи сами по себе не можат да бидат основа за донесување на квлификувани оцени за тековната состојба и успехот на претпријатието. Токму затоа тие треба да се проценуваат од аспект на нивната меѓузависност и споредливост со други показатели како контролни мерки: статистички показатели, податоци за опкружување и сл..

Анализата на работењето на друштвото зависи од податоци кои ни стојат на располагање, а со оглед на тоа што во најголем број случаи на менаџментот му стојат на располагање податоци од финансиските извештаи и дел од сметководството, анализата се ограничува само на тие показатели.

Друг ограничувачки фактор е изборот на соодветен модел за пресметување на показатели. Најчеста класификација на финансиските показатели се:

**Профитабилност**

| ред.бр.. | опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| 1 | Добивка пред оданочување / Вкупна актива | 5 | 6.8 |
| 2 | Добивка пред оданочување / Капитал и резерви | 9 | 12.7 |
| 3 | Добивка по оданочување Капитал и резерви | 8 | 11.10 |
| 4 | Добивка за деловната год. и амортизација / Вкупната актива | 6 | 7.70 |

Показателите на профитабилност се најважните показатели при оценка на бонитетот на претпријатието за остварување на добивка врз основа на ангажирани средства и капиталот.

**Ефикасност**

| ред.бр. | опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| 1 | *денови на врзување на залиха* | | |
| | вредност на залихите х бр. на денови / приходите од редовно работење | 21 | 18.8 |
| 2 | *денови на врзување на побарување* | | |
| | вредност на побарувањето х бр. на денови / приходите од редовно работење | 220 | 187.20 |
| 3 | *денови на врзување на обврски* | | |
| | Вредноста на краткорочни обврски х денови / приходите од редовно работење | 120 | 136.90 |

Коефициентите на ефикасност покажуваат период на обрт на залихите, обрт на побарувањата и обврските.

**Финансиска стабилност**

| ред.бр. | опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| 1 | *финансиска сигурност*<br>капитал и резерви / вкупна актива | 54 | 53.50 |
| 2 | *степен на кредитна способност*<br>к-л и резерви, долгор. резер. и долг. обврски / постојани средства | 304 | 256.90 |
| 3 | *степен на самофинансирање*<br>к-л и резерви, долгор.резервирања / постојаните средства и залихите | 226 | 199.40 |
| 4 | *степен на задолженост*<br>вкупните долгови / капитал и резерви | 84 | 87.20 |

Коефициент на финансиска стабилност покажува во која мера постојаните средства зголемени за залихите се покриени од долгорочните извори на финансирање т.е. сопствениот и туѓиот капитал.

**Економичност**

| ред.бр. | опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| 1 | приходи/ расходи | 106 | 107 |
| 2 | Финансиски приходи / Финансиски расходи | 4 | 26 |
| 3 | редовните и финансиските приходи/ редовните и финансиските расходи | 105 | 106 |
| 4 | добивка за деловната година / приходи од редовното работење | 4 | 5.10 |
| 5 | добивка за деловната година / финаниски приходи | 11146 | 2755 |

Економичноста како економски принцип е настојување да се остварат поголеми резултати со што помали трошење на работната сила, средствата и предметите за работа.

**Ликвидност**

| ред.бр. | опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| 1 | *моментна ликвидност*<br>паричните средства и харт. од вредност /<br>краткорочни обврски | 24 | 30.60 |
| 2 | *тековна ликвидност*<br>тековни средства- залихите /<br>краткорочни обврски | 166 | 157.20 |
| 3 | *општа ликвидност*<br>тековни средства /<br>краткорочни обврски | 179 | 170.10 |

Ликвидноста претставува проток на средствата од паричен во било каков друг облик. Показателите на ликвидноста ја покажуваат способноста на една компанија на долг рок да ги исполни своите обврски кон добавувачите, државата и друго.

## VIII. РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА НАПЛАТАТА ПО ОСНОВ НА УСЛУГАТА - ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И МАЛИ ПРАВНИ ПРАВНИ ЛИЦА

Сметките за физички лица, како и фактурите за мали правни се изготвуваат и дистрибуираат до корисниците во рамките на активностите и задолженијата на вработените во Одделение за Наплата.

Во пресметковниот период од 01. Јануари до 31.Декември 2020 год. доставени се 321.117 сметки односно вкупната вредност на задолжени сметки по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на смет од граѓани изнесува 77,143 (во илјада денари). Во прегледот поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени сметки и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА 2020 год.**

| *Месец* | *задолжение* | | | | *вкупна наплата* | | | | *%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. Сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *бр. Сметки* | | *Износ (во 000 ден.)* | | *Напл. Задол. (2020)* |
| | 2019 | ***2020*** | 2019 | ***2020*** | 2019 | ***2020*** | 2019 | ***2020*** | |
| I | 26.236 | *26.559* | 6,342 | *6,369* | 20.766 | 23.539 | 5,137 | 5,697 | *89* |
| II | 26.270 | *26.612* | 6,353 | *6,424* | 20.607 | *20.646* | 5,177 | *5,058* | *78* |
| III | 26.287 | *26.636* | 6,387 | *6,426* | 23.028 | *17.642* | 5,659 | *4,350* | *68* |
| IV | 26.285 | *26.648* | 6,347 | *6,367* | 23.028 | *16.776* | 5,647 | *4,195* | *65* |
| V | 26.281 | *26.680* | 6,352 | *6,388* | 23.244 | *22.870* | 5,638 | *5,426* | *85* |
| VI | 26.286 | *26.793* | 6,307 | *6,437* | 25.699 | *26.317* | 6,041 | *6,108* | *95* |
| VII | 26.364 | *26.799* | 6,373 | *6,462* | 40.524 | *32.234* | 9,420 | *7,413* | *115* |
| VIII | 26.386 | *26.828* | 6,386 | *6,460* | 38.916 | *32.752* | 8,958 | *7,551* | *117* |
| IX | 26.409 | *26.858* | 6,323 | *6,476* | 26.116 | *28.058* | 6,242 | *6,697* | *103* |
| X | 26.412 | *26.898* | 6,330 | *6,453* | 23.541 | *23.260* | 5,766 | *5,694* | *88* |
| XI | 26.424 | *26.900* | 6,316 | *6,433* | 23.541 | *21.823* | 5,411 | *5,338* | *85* |
| XII | 26.528 | *26.906* | 6,366 | *6,448* | 23.641 | *23.961* | 5,734 | *5,875* | *91* |
| ***Вкупно:*** | 316.168 | ***321.117*** | 76,182 | ***77,143*** | 312.651 | ***289.878*** | 74,830 | ***69,402*** | ***90*** |

Вкупниот број на наплатени сметки изнесува 289.878, а вкупната вредност од наплата на сметки по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 69,402 (во илјада денари) односно со индекс од 90%. Најголема наплата на сметки е остварена во месец Август 2020 година во вредност од 7,551 (во илјада денари) со индекс од 117%.

До малите правни лица кои својата дејност ја обавуваат на територија на Општина Охрид, по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на отпад, доставени се 22.539 фактури, а вкупното задолжение изнесува 28,813 (во илјада денари). Во прегледот подолу поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени фактури и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА МАЛИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА 2020 год.**

| *Месец* | *задолжение* | | | | *вкупна наплата* | | | | *%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. Сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *бр. Сметки* | | *Износ (во 000 ден.)* | | *Напл. Задол. (2020)* |
| | 2019 | ***2020*** | 2019 | ***2020*** | 2019 | ***2020*** | 2019 | ***2020*** | |
| I | 1.903 | *1.890* | 2,139 | *2,155* | 1.501 | *1.308* | 1,563 | *1,555* | *72* |
| II | 1.890 | *1.869* | 2,067 | *2,130* | 1.417 | *1.441* | 1,396 | *1,638* | *77* |
| III | 1.890 | *1.853* | 2,130 | *2,114* | 1.642 | *1.123* | 2,305 | *1,250* | *59* |
| IV | 1.911 | *1.839* | 2,209 | *2,082* | 1.691 | *977* | 2,142 | *977* | *47* |
| V | 1.988 | *1.842* | 2,819 | *2,434* | 1.588 | *1.278* | 1,964 | *1,455* | *60* |
| VI | 2.022 | *1.886* | 2,843 | *2,637* | 1.521 | *1.454* | 2,138 | *1,597* | *61* |
| VII | 2.065 | *1.960* | 3,164 | *2,907* | 2.043 | *1.547* | 2,885 | *2,193* | *75* |
| VIII | 2.064 | *1.957* | 3,162 | *2,896* | 1.870 | *1.603* | 2,804 | *2,672* | *92* |
| IX | 2.020 | *1.938* | 2,861 | *2,792* | 1.801 | *2.668* | 2,762 | *3,371* | *120* |
| X | 1.975 | *1.882* | 2,806 | *2,617* | 1.734 | *1.438* | 3,013 | *1,896* | *72* |
| XI | 1.910 | *1.817* | 2,253 | *2,018* | 1.667 | *1.307* | 2,022 | *1,708* | *85* |
| XII | 1.881 | *1.806* | 2,121 | *2,031* | 1.659 | *1.940* | 2,297 | *2,174* | *107* |
| ***Вкупно:*** | 23.519 | ***22.539*** | 30,574 | ***28,813*** | 20.134 | ***18.084*** | 27,291 | ***22,486*** | ***78*** |

Вкупниот број на наплатени фактури изнесува 18.084, а вкупната вредност од наплата на фактури по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 22,486 (во илјада денари), односно со индекс од 78% од вкупното задолжение. Најголема наплата е остварена во месец Септември во вредност од 3,371 (во илјада денари) со индекс од 120%.

## IX. РЕДОВНИ И ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ

Ј.П."Охридски Комуналец" - Охрид своите активности ги извршува врз основа на Оперативната програма за 2020 год. усвоена од Советот на Општина Охрид во која се испланирани сите активности поврзани со Јавната хигиена, Услужната хигиена, Јавното зеленило и многу други активности кои се наведени во делот Основање и Дејност.

Покрај редовните активности јавното претпријатие спореднува и низа вонредни активности поврзани со подигање на нивото на хигиената во Општина Охрид, подржува многу манифестации и културни збиднувања, организира и учествува во еколошки акции и др.

Поради подобрување на јавната хигиена во градот, поради, Ј.П."Охридски Комуналец" - Охрид изврши промена во категории во метење и миење на улици и при тоа улиците кои беа во подолна категорија се ставени во погорна категорија, а исто така оваа дејност е проширена и на други улици кои до сега не беа опфатени со оваа Оперативна програма.

- **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

**Одделение "Услужна Хигиена"**

Работите кои се однесуваат на собирање, подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад, одржување на депонија Буково и депонија за градежен шут Мауцкер кои се во надлежност на одделението "Услужна Хигиена", а во рамките на Секторот за Комунална Хигиена, во текот на месеците Јануари до Декември 2020 година се реализира според Програмата за работа на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид за 2020 година.

Услужната Хигиена ја одржува чистотата на територијата на град Охрид, викенд населбите Лагадин, Елешец и населба Исток, Елшани, Св. Стефан, селата Пештани, Трпејца, Долно и Горно Лакочереј, Рача, Велесто, Велгошти, Коњско, Лескоец, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Орман, Рамне, и Подмоље или вкупно 99% од населените места во општина Охрид .

Собирањето на отпад кај индивидуалните станбени објекти се вршеше во во садови за отпад, додека кај колективните станбени објекти во контејнери од 1,1м3. Отпадот од правните субјекти, училиштата, детските градинки и сезонските угостителски објекти се вршеше во контејнери од 1,1м3.

Со голема успешност функционираа двата прес контејнери кои се поставени на две најфреквентни локации во градот: во населба "Христо Узунов" и ул."Богомилска", како и двата подземни контејнери на ул."Македонски Просветители".

Во текот на Јануари – Декември 2020 година подигнати се 135326м3 комунален отпад од домаќинства и 7260м3 комунален отпад правни субјекти (2966м3 комунален отпад правни субјекти без хотели и ресторани и 4294м3 комунален отпад хотели и ресторани), 494м3 индустриски неопасен отпад. Извршено е уништување на 187м3 отпад.

***Одделение "Услужна хигиена" и ПЕТ амбалажа***

Во составот на "Услужна хигиена" во периодот Јануари – Декември 2020 година се вршеше селектирање на хартија и ПЕТ амбалажа. Беа подигнати, балирани и предадени 39816кг. хартија.

За функционирање на ова одделение се користат 17 контејнери за ПЕТ амбалажа кои се поставени во централното градско подрачје и 37 корпи од мрежа за собирање на хартија.

Собирањето на оваа секундарна суровина се врши по следната динамика: хартија и ПЕТ амбалажа се подигнуваше два пати на ден наутро и навечер со возило од сите пунктови низ градот каде има поставено контејнери за таа намена. Исто така се одговареше на сите повици за поголеми количини на хартија и ПЕТ амбалажа од претпријатијата.

Организирано е и подигнување на хартија и пластика каде имаме поставено по еден контејнер за хартија и пластика во училиштата во градот Охрид и приградските населби.

На цела територија на општина Охрид се поставени 17 садови за собирање ПЕТ амбалажа и 44 садови за отпадно стакло поставени во соработка со Пакомак – Скопје.

***Одделение Депонии***

*Одделението Депонии* ги одржува и оперира депониите во "Буково" и "Мауцкер". На депонијата Буково се депонира комунален отпад од домаќинства и правни субјекти кој се подигнува од територијата на Општина Охрид, а на депонија Мауцкер се депонира цврст отпад.

Во текот на месеците од Јануари до Декември 2020 година на депонија Мауцкер депонирани се 4082м3 од страна на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид шут, кабаст отпад, земја, 5871м3 шут од правни и физички лица песок градежен шут .

## Ј.П. "Охридски комуналец" - Охрид

### Извештај
### за подигнат и пренесен отпад во 2020

| | | | | | | | | | | | | | | Депонија Мауцкер | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Собирање комунален отпад со возила | | Шут | Кабаст отпад | Зелен отпад | Земја Песок Камен, Муљ | Комунален отпад - правни субјекти без хотели и ресторани | Комунален отпад хотели и ресторан и па ф-ра | индустриски отпад - правни субјекти | Уништување отпад Буково | Уништување отпад Буково | хартија | пластика | Депонија Мауцкер -ВКУПНО депонирано од ЈП Охридски Комуналец- шут,кабаст земја, песок, муљ | Депонија Мауцкер - ШУТ од правни, физички лица (фискална) | Депонија Мауцкер - ШУТ, талог од правни лица (ф-ра) | Депонија Мауцкер - ВКУПНО |
| **месец** | **m3** | **t** | **m3** | **m3** | **m3** | **м3** | **m3** | **м3** | **m3** | **м3** | **Кг** | **Кг** | **Кг** | **м3** | **м3** | **м3** | **м3** |
| јануари | 11457 | 916.6 | 92.8 | 92.8 | 46 | 0 | 251 | 189 | 61 | 9.6 | 1042.26 | 3520 | 0 | 185.6 | 0 | 253 | 438.6 |
| февруари | 12823 | 1025.8 | 86.4 | 86.4 | 43.20 | 0 | 262 | 122 | 47 | 13.8 | 1646 | 0 | 0 | 172.8 | 120 | 774 | 1066.8 |
| март | 11926 | 954.1 | 100 | 92 | 40 | 0 | 225 | 95 | 48 | 15.1 | 1812 | 1660 | 0 | 192 | 118 | 1164 | 1474 |
| април | 12061 | 964.9 | 130 | 96 | 64 | 0 | 153 | 24 | 38 | 29.2 | 3500.45 | 1910 | 0 | 226 | 0 | 487.5 | 713.5 |
| мај | 12528 | 1002.2 | 254 | 61 | 61 | 18 | 134 | 143 | 22 | 17.6 | 2103.11 | 6460 | 0 | 333 | 286 | 538.5 | 1157.5 |
| јуни | 10197 | 815.8 | 367 | 116 | 116 | 54 | 174 | 186 | 35 | 2 | 240 | 1120 | 0 | 537 | 373 | 1054.5 | 1964.5 |
| јули | 8968 | 717.4 | 275.5 | 145.5 | 77.5 | 115.5 | 431 | 718 | 49 | 13.55 | 1621 | 7720 | 0 | 536.5 | 74 | 183.5 | 794 |
| август | 13974 | 1117.9 | 213.5 | 98 | 69.5 | 58.5 | 574 | 1875 | 37 | 15.5 | 1860 | 3940 | 0 | 370 | 0 | 16 | 386 |
| септември | 11867 | 949.4 | 388 | 113.5 | 99.5 | 161 | 288 | 784 | 43 | 28.9 | 3243.85 | 1480 | 0 | 662.5 | 0 | 63 | 725.5 |
| октомври | 9809 | 784.7 | 180 | 140 | 90 | 50 | 151 | 62 | 30 | 16.4 | 1732.36 | 8410 | 0 | 370 | 0 | 424 | 794 |
| ноември | 8199 | 655.9 | 95.5 | 76 | 110 | 21.5 | 164 | 67 | 37 | 19.7 | 2371.16 | 1846 | 0 | 193 | 0 | 467 | 660 |
| декември | 11517 | 921.4 | 176 | 120 | 40 | 8 | 159 | 29 | 47 | 4.9 | 585.47 | 1750 | 0 | 304 | 111.6 | 446.5 | 862.1 |
| **вкупно** | **135326** | **10826.1** | **2358.7** | **1237.2** | **857.10** | **486.5** | **2966** | **4294** | **494** | **186.25** | **21757.76** | **39816** | **0** | **4082.4** | **1082.6** | **5871.5** | **11036.5** |
| | m3 | t | m3 | m3 | m3 | m3 | m3 | м3 | m3 | м3 | Кг | Кг | Кг | м3 | м3 | м3 | м3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1m3=80Кг | | | |
| 1м3=(1/12.5) тони | | | |
| 1м3=0,08 тони | | | |

Во продолжение е даден табеларен преглед на динамиката на подигнување на комуналниот отпад по денови и реони, каде услугите се димензионирани според потребите на градот, фреквентноста на населението и сообраќајот и досегашното искуство:

**ДИНАМИКА НА ПОДИГАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД**

**секојдневно подигање на комуналниот отпад од контејнери**

| **р.бр.** | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1. | " Булевар Туристичка " | 2.487 |
| 2. | "Македонски Просветители" | 214 |
| 3. | "Коста Абраш" | 61 |
| 4. | "Партизанска" | 774 |
| 5. | "Цар Самоил" | 78 |
| 6. | "Кеј Македонија" | 246 |
| 7. | станбен комплекс"Расадник" | 333 |
| 8. | станбен комплекс "Христо Узунов" | 891 |
| 9. | "Галичица" | 392 |
| 10. | "7-ми Ноември" | 408 |
| 11. | "Никола Карев" | 373 |
| 12. | "Питу Гули" | 310 |
| 13. | "Мирче Ацев" | 266 |
| 14. | "Сирма Војвода" | 496 |
| 15. | "Карпош Војвода" | 495 |
| 16. | "Славеј Планина" | 235 |
| 17. | "Димитар Влахов" | 493 |
| 18. | "Егејска " | 225 |
| 19. | "Васил Стефоски" | 201 |
| 20. | "Даме Груев" | 481 |
| 21. | "Ариф Мустафа" | 181 |
| 22. | "Пере Тошев" | 177 |
| 23. | "Кузман Јосифоски –Питу" | 88 |
| 24. | "Охридати" | 564 |
| 25. | "АСНОМ" | 686 |
| 26. | пешачка патека после каналот Студенчишта објект"Куба Либре" | |

**Динамика на подигнување**
**комунален отпад по реони**

## Стар Град - во вторник и петок

| р.бр. | име на улица | број на корисници |
|---|---|---|
| 1. | "Климентов Универзитет" | 117 |
| 2. | "Христо Узунов" | 18 |
| 3. | "Аргир Маринчев" | 23 |
| 4. | "11-ти Октомври" | 25 |
| 5. | " Бранко Шотра" | 24 |
| 6. | "Нада Филева" | 37 |
| 7. | "Андон Дуков" | 40 |
| 8. | "Вардар" | 24 |
| 9. | "Методи Патчев" дел | 31 |
| 10. | "Боро Шаин" дел | 36 |
| 11. | "Димче Маленко" | 8 |

## Стар Град во понеделник и четврток

| р.бр. | име на улица | број на корисници |
|---|---|---|
| 1. | "Кузман Капидан" | 79 |
| 2. | "Браќа Миладинови" | 36 |
| 3. | "Кочо Рацин" | 56 |
| 4. | "Григор Прличев" | 43 |
| 5. | " Илинденска" | 67 |
| 6. | "Петар Чаулев" | 53 |
| 7. | "Рашанец" | 17 |
| 8. | "Методи Патчев"дел | 31 |
| 9. | "Боро Шаин" дел | 36 |
| 10. | "Охридска Архиепископија" | 24 |

## во понеделник и четврток

| р.бр. | име на улица | број на корисници |
|---|---|---|
| 1. | "Караорман" | 18 |
| 2. | "Јабланица" | 62 |
| 3. | "Димитар Влахов" | 493 |
| 4. | "Абас Емин" | 475 |
| 5. | "8 ми Март" | 51 |
| 6. | "Крали Марко" | 184 |
| 7. | "Гоце Делчев" | 474 |
| 8. | "Сатеска" | 427 |
| 9. | "Крум Точко" | 192 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | "Махмут Рифат" | 25 |
| 11. | "Бистрица" | 150 |
| 12. | "Шар Планина" | 154 |
| 13. | "Васил Стефоски" | 201 |
| 14. | "Аџи Мустафа" | 105 |
| 15. | "Охридска Бригада" | 110 |
| 16. | "Пирин Планина" | 65 |
| 17. | "Петар Поп Арсов" | 70 |
| 18. | "Егејска" | 225 |
| 19. | "Миќо Гилиќ" | 39 |
| 20. | "Трајче Трајчески" | 43 |
| 21. | "Ариф Мустафа" | 181 |
| 22. | "Мирка Гинова" | 30 |
| 23. | "Никола Петров Русински" | 36 |
| 24. | "Пере Тошев" | 177 |
| 25. | Нас. Даљан | 479 |
| 26. | "Ѓорѓи Сугаре" | 14 |
| 27. | "Александар Турунџиев" | 79 |
| 28. | "Беќир Али Риза" | 225 |
| 29. | "Живко Чинго" | 146 |
| 30. | "Кирил и Методиј" | 94 |
| 31. | "Анастасија Узунова" | 31 |

**во вторник и петок**

| **р.бр.** | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1. | Железничка со краците | 188 |
| 2. | "Будва" | 83 |
| 3. | "Винковачка" | 102 |
| 4. | "Кленоец" | 135 |
| 5. | "Веле Марков" | 34 |
| 6. | "Српница" | 34 |
| 7. | "Петрино" | 90 |
| 8. | "Даме Груев" - дел | 481 |
| 9. | "15-ти Корпус" | 127 |
| 10. | "Радојца Новичиќ" | 276 |
| 11. | "Прилепска" | 83 |
| 12. | "28-ми Април" | 75 |
| 13. | "Ристо Чадо" | 270 |
| 14. | "6та Бригада" | 45 |
| 15. | "130" | 124 |

**во среда и сабота**

| р.бр. | име на улица | број на корисници |
|---|---|---|
| 1. | "Питу Гули" | 310 |
| 2. | "Деан Војвода" | 437 |
| 3. | "Стив Наумов" | 196 |
| 4. | "Кеј Македонија" (рефус) | 246 |
| 5. | "Ванчо Николески" | 104 |
| 6. | "Којдан Чернодрински " | 14 |
| 7. | "Страшо Пинџур" | 30 |
| 8. | "Серафим Китаноски " | 6 |
| 9. | "Марко Несторoски " | 274 |
| 10. | "Васил Главинов" | 73 |
| 11. | "Крсте Мисирков" | 39 |
| 12. | "Богомилска" | 470 |
| 13. | "Кузман Шапкарев" | 28 |
| 14. | "Марко Цепенков" | 323 |
| 15. | "Александар Гушо" | 51 |
| 16. | "1-ва Македонска Ударна Бригада" | 141 |
| 17. | "1- ви Мај" | 56 |
| 18. | "Момчило Јорданоски " | 509 |
| 19. | "Трајче Дојчиноски " | 28 |
| 20. | "Вангел Николоски" | 52 |
| 21. | "Спас Банџов" | 99 |
| 22. | "Славеј Планина" | 235 |
| 23. | "Нас. Бејбунар" | 221 |
| 24. | "Малесија" | 21 |
| 25. | "Мите Богоевски" | 17 |
| 26. | "8-ми Септември" | 158 |
| 27. | "Лазо Трпоски" | 238 |
| 28. | "Ванчо Питошески " | 169 |
| 29. | "Карпош Војвода" | 495 |
| 30. | "Сирма Војвода" | 496 |
| 31. | "Билјанини Извори" | 12 |
| 32. | "Мирче Ацев" | 266 |
| 33. | "Даме Груев" - дел | 481 |
| 34. | "Јане Сандански" | 546 |
| 35. | "Андреа Јованоски" | 74 |
| 36. | "Дебарца" | 24 |

**Динамика на подигнување**
**комунален отпад**
**од приградските населби**

| **р.бр.** | **приградска населба** | **Денови** | **број на корисници** |
|---|---|---|---|
| 1. | с. Подмоље | понеделник и четврток | 157 |
| 2. | с. Лескоец | понеделник и четврток | 812 |
| 3. | с.Пештани | вторник-петок | 464 |
| 4. | с.Елшани | вторник-петок | 164 |
| 5. | нас.Елешец | вторник-петок | 113 |
| 6. | нас.Лагадин | вторник-петок | 182 |
| 7. | нас.Долно Коњско | вторник-петок | 151 |
| 8. | нас.Исток | вторник-петок | 59 |
| 9. | нас.Св.Стефан | вторник-петок | 158 |
| 10. | с.Велгошти | вторник-петок | 694 |
| 11. | с.Горно Лакочереј | вторник-петок | 133 |
| 12. | с.Долно Лакочереј | вторник-петок | 170 |
| 13. | с.Опеница | среда | 31 |
| 14. | с.Рача | среда; сабота | 480 |
| 15. | с.Косел | среда; сабота | 171 |
| 16. | с.Ливоишта | среда-сабота | 55 |
| 17. | с.Вапила | среда-сабота | 49 |
| 18. | с.Куратица | среда-сабота | 98 |
| 19. | с.Орман | среда-сабота | 42 |
| 20. | с.Љубаништа и Св. Наум | вторник-петок | 233 |
| 21. | с.Трпејца | вторник-петок | 132 |
| 22. | с.Велестово | по повик | 51 |
| 23. | Од хотелски комплекс | секојдневно во летен период , а останатиот период вторник-петок | |

**Одделение "Јавна Хигиена"**

Планот за редовно – тековно одржување на јавната хигиена го спроведува одделението "Јавна Хигиена", а се однесува на годишното одржување на улиците и тротоарите на територијата на Општина Охрид. Динамиката на одржување на јавните и сообраќајните површини е одредена со предлошениот план кој се изготвува согласно Одлуката за комунален ред.

За побрзо интервенирање на улиците и поголема ефикасност во работата Одделението "Јавна Хигиена" е поделено на пет пунктови и тоа:

- пунктот "Плоштад"
- пункт "Стар град"
- пункт "Даљан"
- пункт "Механизација"
- пункт "Нова Автобуска"

Извршителите на овие пунктови делуваат на околните улици согласно Програмата за категоризација на улиците донесена со Одлука од Советот на Општина Охрид.

Улиците се поделени во четири категории:

Во *прва категорија* се опфатени улици кои се метат секој ден преку цела година:

1. ул. "Св.Климент Охридски";
2. ул. Плоштад кај Чинарот;
3. ул. Плоштад кај пристаниште;
4. ул. "Кеј Маршал Тито" заедно со Кејот;
5. ул."Коста Абраш";
6. ул."Македонски Просветители";
7. ул."Партизанска";
8. ул."7-ми Ноември";
9. ул."Димитар Влахов";
10. ул."'Гоце Делчев";
11. дел од ул."Абас Емин"(потегот од "Туристичка " до "Гоце Делчев")
12 .ул."Булевар Туристичка" (од А.Д."Охридска Банка" до Тим – Маркет);
13. ул." Булевар Туристичка " (од Билјанини Извори до А.Д."Охридска – машинско чистење ;
14. ул. "Јане Сандански ";
15. ул "Цар Самоил";
16. дел од ул."Деан Војвода" (од "Абас Емин" до "Македонски Просветители");
17. потегот од "Билјанини Извори", дел од каналот и до ресторан Парк – собирање пластика, хартија и празнење корпи.

Во *втора категорија* се опфатени улици кои се метат секој втор ден во неделата, улици кои се тесно поврзани со улуците од прва категорија или се дел од нив, а во оваа категорија се вклучени следните улици:

1. Сите улици во Стар Град (" Илинденска", "Кузман Капидан", "Кочо Рацин", "Браќа Миладиновци", "Кирил и Методиј","Григор Прличев", "Климентов Универзитет", "Нада Филева", "Христо Узунов", "Боро Шаин");
2. ул."Кузман Јосифоски";
3. ул."Ванчо Николески";
4. ул."Серафим Китаноски";
5. ул."Даме Груев";
6. ул."Марко Несторoски";
7. населба "Христо Узунов";
8. ул."Булевар Туристичка" (од "Абас Емин" до кружниот тек на излезот од градот) - машинско миење;
9. ул."Галичица";
10. ул."Никола Карев";
11. ул."Мирче Ацев";
12. ул."Билјанини Извори";
13. ул."8-ми Септември";
14. ул."Ванчо Питошески";
15. ул."Лазо Трпоски";
16. ул."Сирма Војвода";
17. ул."Асном";
18. ул."Питу Гули";
19. ул."Егејска";
20. ул."Мите Богоески".

Улиците од *трета категорија* се метат два пати неделно:
1. ул."Кленоец";
2. ул."Марко Цепенков";
3. ул."Стив Наумов";
4. ул."Крали Марко";
5. ул."Абас Емин"(од "Булевар Туристичка" до"Железничка");
6. ул."Шар Планина";
7. ул."Бистрица";
8. ул."Аџи Мустафа";
9. ул."Сатеска";
10. ул."Васил Стефоски";
11. ул."Крум Точко";
12. ул."Пирин Планина";
13. ул."Славеј Планина";
14. населба"Охридати"

Во *четвртата* категорија се опфатени улици кои се чистат еднаш во текот на неделата, а тоа се улици од поширок круг од центарот на градот:
1. ул."15-ти Корпус";
2. ул."Живко Чинго";
3. ул."Ристо Чадо";
4. ул."1-ва Македонска ударна бригада";
5. ул."Вангел Николоски";
6. ул."Момчило Јорданоски";
7. ул."Трајче Дојчиноски";

8. ул."Александар Гушо";
9. ул "Дебарца";
10. ул "1-ви Мај";
11. ул"Железничка";
12. ул."Ѓорче Петров";
13. населба "Барали"

Во оваа катерија се вклучени и приградските населби и места каде метењето се врши еднаш неделно:

1. населба "Св. Стефан";
2. населба "Лагадин";
3. с. Пештани;
4. с. Трпејца;
5. с. Љубаништа;
6. с. Велгошти;
7. с.Лескоец;
8. с.Косел.

Во периодот од Јануари до Декември 2020 год. извршени се активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2020 год., согласно Договорот:

- Во месец Јануари 2020 година извршено е редовно рачно метење на улиците по категории и вонредно чистење на Езерото и подигање на муљ и реса;

- Во месец Февруари 2020 година извршено е редовно рачно метење на улиците по категории и вонредно чистење на Езерото и подигање на муљ и реса;

- Во месец Март 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и реса;

- Во месец Април 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и реса;

- Во месец Мај 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и реса;

- Во месец Јуни 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и реса, одржување на плажи.

- Во месец Јули 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и реса, одржување плажи кои не се под концесија;

- Во месец Август 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и реса, одржување плажи кои не се под концесија;

- Во месец Септември 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и реса, одржување на плажи;

- Во месец Октомври 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и багерување на Кеј, одржување на плажи;

- Во месец Ноември 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и реса, одржување на плажи, чистење лист, реса;

- Во месец Декември 2020 година извршено е редовно рачно метење и миење на улиците по категории и вонредно подигање на муљ и реса, одржување на плажи, чистење лист, реса.

Одделението "Јавна Хигиена" во 2020 година реализира дополнителни активности:

- Во пресрет на верскиот празник Богојавление - Водици беа ангажирани сите работници од одделението за расчистување на снегот од чаршијата и од делот околу пристаништето. Поставени се верски знамиња, 15 тезги и казанот на малиот плоштад, а потоа и расчистување на сметот на градското пристаниште после завршувањето на настанот;

- Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид спроведува акција за чистење на речните корита и сливните подрачја на територијата на општина Охрид согласно годишната програма на Секторот за комунални дејности при Општина Охрид. Се расчитуваше депонираниот разновиден комунален и друг вид отпад со цел да се обезбеди нормален проток на водата во речните корита и сливните подрачја за превентивна заштитата од поплави и излевање, а истовремено ќе се намали загадувањето на езерото;

- Расчистување на речното корито на р.Сушица на потегот од ул. "Живко Чинго" до ул. "Железничка", река Грашница при вливот во Охридско Езеро;

- Се отстрануваа и снежните наноси по чаршијата, тротоарите и јавните пешачки зони;

- По повод чествувањата за нашиот литературен великан се расчистуваа локациите од спомен обележјата на Григор Прличев;

- Во координација со локалната самоуправа и инспекторатот екипите на Ј.П. "Охридски Комуналец"- Охрид го расчистуваа потегот од кампот Љубаништа до манастирскиот комплекс Свети Наум ( делот кој не е под концесија од огромни количини тешко разградлив отпад натрупан на брегот на Охридското Езеро;

- Чистење на плажите на Охридското крајбрежје.на потегот од река Грашница до основното училиште во населба Даљан и плажите кои не се дадени под закуп на потегот од Лагадин до Пештани;

- Расчистување на делот покрај коловозните ленти од магистралниот пат Охрид - Скопје на потегот од сообраќајната клучка на влезот во Охрид до с.Подмоље;

- Расчистување градското пристаниште од натрупаниот отпад исфрлен од езерските води како последица од невреме проследено со силен ветар;

- Подигнување на расфрланиот отпад на патниот правец од бензиската пумпа "Билјанини Извори" до с.Велестово;

- Расчистување и подигнување на огромни количини ситен комунален отпад (тешко разградлива пластична амбалажа, најлон кеси и др). на каналот кој води од спортскиот центар "Билјанини Извори" до каналот Студенчишта;

- Подигнување на отпад мебел, покуќнина и др. оставен на самиот пат во нас. Даљан;

- Расчистувае мини-депонија од расфрлан кабаст отпад и градежен шут во стариот дел од градот;

- Спроведена акција за чистење на сувата трска од водите на Охридското Езеро на крајот од шеталиштето, во близина на Холандскиот парк;

- Спроведена беше акција за чистење на сувата трска од водите на Охридското Езеро во близина на Холандскиот парк. огромни количини на трска беа подигнати за што дополнително беше ангажиран чамец;

- По одбележувањето на празникот посветен на светителот Св. Наум генерално беше расчистен комплексот Св. Наум;

- ЈП Охридски Комуналец – Охрид ги поддржуваше сите манифестации, културни збиднувања и верски празнување значајни за Општината Охрид и активно се вклучуваше во активностите за подигнување на јавната чистота на повисоко нив;

- Беше извршено расчистување на одредени фреквентни локации во стариот дел односно Канео, Антички театар, Лабино, Света Софија, и Сараиште кои во доцните часови беа збиралиште на млади луѓе;

- Во координација со екипите на Црвен крст се спроведе чистење на карпестиот и тешко пристапен дел околу Канео и Лабино;

- Во координација со локалната самоуправа се спроведе акција за чистење на просторот помеѓу кампот Љубаништа и реката Черава,

простор кој изминативе два месеци беше злоупотребен од дивите кампери;

- По завршувањето на екот на туристичката зона се спроведе акција за рачно чистење на гумите од Охридската чаршија. Исто така секојдневно се вршеше машинско отстранување на флеките од плочикот од чаршијата;

- Спроведена е акција по завршување на туристичката зона за чистење на расфрланиот отпад покрај магистралниот пат Охрид- Св.Наум и зелениот појас помеѓу коловозните ленти.

Јавната хигиена за редовно извршуваните работи доставува ситуации одделно за месеците од Јануари до Декември 2020 година во вредност од:

- за месец Јанури на износ од 674,651.00 ден.;
- за месец Февруари на износ од 614,149.00 ден.;
- за месец Март на износ од 740,749.000 ден.;
- за месец Април на износ од 740,749.000 ден.;
- за месец Мај на износ од 920,125.000 ден.;
- за месец Јуни на износ од 1,254,031.00 ден.;
- за месец Јули на износ од 1,371,091.000 ден.;
- за месец Август на износ од 1,056,876.00 ден.;
- за месец Септември на износ од 947,768.00 ден.;
- за месец Октомври на износ од 706,062.00 ден.;
- за месец Ноември на износ од 660,153.00 ден.;
- за месец Декември на износ од 500,860.00 ден.;

- **СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА**

Со секојдневните задолженија и активности кои ги спроведува секторот за механизација, истата претставува и сервис за другите сектори во склоп на Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид

Секторот за механизација обезбедува основа за обезбедување на услови за работа на основната дејност за подигање, транспорт и депонирање на отпад од домаќинствата и правните субјекти, како и останатите дејности за хигиена на територијата на град Охрид.

Ј.П."Охридски Комуналец"–Охрид располага со следната механизација:

- 18 специјални возила за подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;
- специјални возила: 1 утоварувач РД , 1 комбиниран булдожер ФБ 100.2;
- 1 мобилна машина за миење улици;
- 1 цистерна за миење улици;
- МАН кипер со дигалка;
- 2 возила за транспорт на лица и опрема;

- 1 електрично возило за транспорт на лица и опрема;
- 3 трактори;
- 1 специјално возило Пајак за подигање на возила;
- 2 ротациони посипувачи на сол и ризла за трактор;
- 2 возила "ЕПОХА" посипувач на сол и ризла за ФАП;
- 3 ножеви за чистење на снег за големи возила;
- 1 нож за чистење снег за трактор;
- 3 балирки за секундарни суровини;
- 10 машини за чистење снег од тротоарите.

Со овие основни средства Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид секторот за механизација покрај основните дејности ги изведува и следните работни задачи:

- Собирање, селекција и балирање со пресување на секундарни суровини (пластика и хартија) со машина за балирање, како и собирање стакло;
- Одржување, уредување  и обезбедување на депонии;
- Миење на јавните сообраќајни површини;
- Чистење на снег во зимски услови и посипување со сол и аброзивни средства на сообраќајници во градот и околината;
- Снабдување на гориво на сопствени возила преку сопствена пумпа;
- Извршување на работа со градежни машини за сопствени потреби и услуги на правни и физички лица;
- Отстранување на неправилно паркирани возилаво на територијата на град Охрид со специјално возило пајак;
- Одржување на моторните возила од сопствениот возен парк;
- Извршување услуги по работен налог на Општина Охрид од Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици од општинскиот инспекторат;
- Работи од осигурување и регистрација на возила;
- Согласно завршување на обврските по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата во зимски услови, Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид спроведува активности за генерално чистење на ул. "Железничка";
- Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид спроведе превентивни активности за дезинфекција на јавните површини:

- во ЈЗУ "Општа болница" - Охрид (влезот во здравствената установа, коловозните површини, тротоарите и сите пристапи кон различните оддели),

дезинфекција на чаршијата (почнувајќи од старата чаршија, плоштадот кај Чинарот, па се` до плоштадот Св.Климент Охридски и паркот пред Рибниот ресторан),

- Градскиот кеј со сите патеки каде е дезинфицирана и урбаната опрема и клупите и детското игралиште (пред НУЦК. "Григор Прличев", ул. "Булевар Туристичка" (на влезот во Охрид), во населба "Даљан" кај училиштето "Братство"- Лескајца, ул. "Крали Марко", нас. "Даме Груев", кај Отекс ул. "Сирма Војвода", нас.Видобишта, нас. "Гоце Делчев";

- Се дезинфицираат пристапите и внатрешниот простор на виталните објекти и институции (пошти, банки, полиција, суд, трговски центри и др.), како и јавната инфраструктурна опрема (клупи и садови за депонирање ситен отпад). Исто така се дезинфицираат дворните места и ходниците од станбените згради во 8.ма урбана единица ("Биљанини Извори") и ул. "Партизанска;

- Заради специфичноста на теренот и тесните улици и пристапните патеки со помала цистерна се изврши миење и дезинфекција во Стар Град;

- Во пресрет на велигденските празници Ј.П."Охридски Комуналец", во координација со локалната самоуправа со антибактериско дезинфекционо средство се третираа пристапите, дворните места и внатрешниот простор од црквите: Св.Софија, Св.Богородица Перивлептос, Св.Богородица – Каменско, Св.Пантелејмон и Св.Климент Охридски (Плаошник), Св Јован Богослов-Канео, Св.Никола - Геракомија, Св.Никола (Долна Влашка Маала) и Св.Ѓорѓија;

- Во пресрет на православниот празник Св. Еразмо Охридски екипите на Ј.П."Охридски Комуналец" извршија дезинфекција на манастирот Св.Еразмо;

- Се дезинфицираа туристички локалитети: пешачката патека од каналот Студенчишта до Горица, комплексот Горица, туристичките населба Свети Стефан и Лагадин, селата Пештани, Елшани, Велгошти, Лескоец, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Косел и Орман;

- Во браварската работилница се извршуваше редовно одржување на возила (поправка на брани, ауспуси, ладилници, федер платна и др.) и поправка на контејнери;

- Вонреден третман на делот од депонија Буково поради чад со ангажирање на цистерна со биолошко средство ;

Поради широкиот обем на задачи Секторот за Механизација на Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид служи како сервис на Секторот на Паркови и зеленило и одделенето Услужна Хигиена и другите сектори и одделенија..

- **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

Во изминатите месеци активностите кои се предвидени со Програмата за работа за 2020 год. од Градскиот Совет на Општина Охрид за јавно зеленило за редовно извршуваните работи се доставени ситуации одделно за месеците од Јануари до Декември 2020 година. Ситуациите се доставени до Секторот за животна срединапри Општина Охрид. Активностите кои беа реализирани од Програмата за работа се:

- Кроење на дрва со изнесување на гранки, собирање на хартија и отпад;
- Чистење на трева од лист, кроење и режење грмушки и дрвореди со одвезување, трендафили, собирање на хартија;
- Машинско косење на трева во градскиот парк, ул."Булевар Туристичка", ул."Јане Сандански" и ул."7ми Ноември", парк Рача, кружните текови на територијата на Општина Охрид, кај пешачката патека кај каналот "Билјани Извори"; поливање трева, собирање трева и собирање хартии и отпадоци;
- Наводнување на сите зелени површини;
- Косење и  расчистување од неуредна вегетација на сите села и населби на територијата на Општина Охрид;
- Плевење и прашење на цветни леи;
- Шишање и оформување на декоративни грмушки засадени на јавни зелени површини;
- Кастрење на дрвореди ул. “Македонски Просветители“ и “7ми Ноември“.
- Машинско косење на трева во градскиот парк, ул."Булевар Туристичка", ул."Јане Сандански" и ул."7ми Ноември", парк Рача, кружните текови на територијата на Општина Охрид, кај пешачката патека кај каналот "Билјани Извори", одржување на жардинерии, кроење и режење грмушки, собирање хартии и отпадоци за месец Јули, Август и Септември;
- Машинско косење на трева во градскиот парк, ул."Булевар Туристичка", ул."Јане Сандански" и ул."7ми Ноември", кроење трендафили, собирање хартија и отпадоци;
- Чистење лист, садење сезонско цвеќе, припрема цветни леи, кроење и режење трендафили, собирање хартиени отпадоци;

- Подигнување нови и реконструкција на паркови, одржување локација Кале, кроење на дрвореди со одвоз на гранки и собирање хартија.

Покрај редовните активности екипите на Сектор за Паркови и Зеленило во изминатиот период извршува и голем број вонредни активности кои придонесоа за подигнување на нивото на уредени градски паркови, зеленило и унапредување на животната средина:

- Отстранување на скршени гранки и оштетени дрвја од снег на повеќе локации во градот;
- Средување на зелени површини покрај сообраќајниците, пешачките острови, кружни текови, дворни места пред објектите, градскиот парк и рекреативните зони;
- Пролетни активности – косење трева, отстранување суви гранки и дрвја, метење на тротоарите и јавните површини од наноси од песок, подигање расфрлан ситен комунален отпад и отстранување на ниско – жбуneста вегетација;
- Расчистување и хортикултурно уредување на улиците и пристапните патеки во стариот дел од градот;
- Засадување нови садници на потегот од последниот етапен дел на патеката кај месноста Горица;
- Засадени се 15 дрвја од видот каталпа. Овие атрактивни листопадни дрвја се карактеризираат со брз раст, крупен срцевиден лист и широка крошна.;
- Уредување на паркот Мазија со расчистување жбунеста и дива вегетација, исушени врби за што е употребена специјална механизација и формирање нова парковска содржина;
- Зимскиот цветен расад се замени со летен расад од видот: агератум, салвија, петунија, сардела, цинија, лепи Јово и џунџуле;
- Хортикултурно ги одржуваат шумските патеки во стариот дел од градот:

- Саат-Кулата до Св.Сава , од Св. Сава до Горна Порта; од Самоиловата тврдина до црквата Св.Јован Канео; од нас.Кошишта, покрај Лабино до црквата Св.Јован Канео

- Косење тревни површини и отстранување вегетација од тротоари, коловозите и другите јавни површини во селата Подмоље, Велгошти, Лескоец. Долно и Горно Лакочереј, Колсел, Подмоље, Велгошти;

- o Замена на дел од стариот дрворед на "Туристичка" со нов и направена зелена лента со систем за наводнување пресек "Туристичка" и "Даме Груев" со Маларична;
- o Хортикултурно уредување на новиот плоштад "Табана" и кружниот тек на "Партизанска";
- o Активности на садење нов цветен расад низ зелените површини во градот. Заменување на зимскиот цветен расад со летен сезонски цветен расад од видот: агератум, салвија, петунија, сардела, цинија Лепи Јово и џунџулиња;
- o Уредување на зелените површини во градскиот парк, зелените острови кај кружните текови, зелени делови покрај пешачките патеки до Горица и покрај каналот Студенчишта, покрај дрворедите во централното градско подрачје и другите хортикултуно уредени површини во градот и приградските населби;

Јавното зеленило за редовно извршуваните работи доставува ситуации одделно за месеците од Јануари до Декември 2020 година во вредност од :

- за месец Јануари на износ износ од 128,686.00 ден.;
- за месец Февруари на износ од 362,040.00 ден.;
- за месец Март на износ од 532,214.00 ден.;
- за месец Април на износ од 551,510.00 ден.;
- **за** месец Мај на износ од 822,980.00 ден.;
- за месец Јуни на износ од 1,493,703.00 ден.;
- за месец Јули на износ од 1,242,394.00 ден.;
- за месец Август на износ од 976,406.00 ден.;
- за месец Септември на износ од 501,918.00 ден.;
- за месец Октомври на износ од 475,870.00 ден.;
- за месец Ноември на износ од 736,306.00 ден.;
- за месец Декември на износ од 333,196.00 ден.;

- **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

- *Одделението за Сметководство* каде секојдневно се ажурираат и книжат влезни и излезни фактури, се следат промените, книжат уплати по разни основи, се вршат усогласувања со доверитеите и добавивачите, евиденција на основни средства и нивна амортизација, приготвување месечна плата со ажурирање на задршки, административна забрана, доставување на МПИН образец до Управата за јавни приходи, месечна пресметка и евиденција на ддв, изготвување касови извечтаи, евиденција евидентни листи и фискални сметки, евиденција на приемници и спратници во материјалната евиденција.

- *Одделението за АОП* каде се изготвуваат опомени за физички и правни лица по основ на подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад ,

месечни , квартални и полугодишни извештаи, каматни листи, фактури за урбана опрема, фактура по основ закуп на деловни простории, дневна евиденција и ажурирање на официјалната електронска пошта, изготвување месечен преглед за трајни налози, изготвување програми и проекти, електронска достава на месечни сметки и фактури, контрола на плаќање на договори на рати, сетирање, контрола и ажурирање на информационите ресурси на претпријатието (хардвер, софтвер, мрежа податоци).

- *Одделението за Наплата* врши наплата на средствата по основ на подигање, транспорт и депонирање на комунале отпад, книжење на стигнати уплати, печатење сметки и фактури за физички и мали правни лица.

- *Одделението за Јавни набавки* кое работи според Планот за јавни набавки изготвен во зависност од обемот и предвидената динамика на набавките по претходно доставен план од раководителите на работните единици во петпријатието, истражување на пазарот за понудата и цената на определени производи, спецификации на материјали, информации потребни за спроведување на набавка, објавува јавни повици и склучува договори со понудувачите, магацинското работење од требовање за набавка на материјали, евидентирање на нивниот прием во магацин.

- **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**

Во рамките на Секторот за општи и правни работи во текот на 2020 година се работеше и постапуваше во согласност со позитивните законски прописи кои се однесуваат за работењето на јавните претпријатија.

Во делот на меѓусебните односи помеѓу ЈП Охридски Комуналец – Охрид и други правни и физички лица склучувани се разни видови на договори, во зависност од областа која се уредува со договорот и тоа:

- Договори за вонредно чистење на улиците од градежен шут________33
- Договори за јавни набавки______________________________________50
- Договори за плажи, хотели,кампови____________________________ 3
- Договори за урбана опрема_____________________________________19
- Договори за закуп________________________________________________ 6
- Договори за презентации концерти______________________________4
- Договори за тезги (сувенири, ракотворби,сладоледи)______________14
- Договори за услуги_______________________________________________ 9
- Договори за медиуми ______________________________________________2
- Договори за одложено плаќање ______________________________ 55
- Договори за канти за отпад _____________________________________68

***СЕДНИЦИ НА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР***

Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година одржани се 17 седници на Управниот одбор во ЈП Охридски Комуналец – Охрид и 13 седници на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење.

Овој сектор активно учествуваше во следењето на овие седници и изготвуваше записници, одлуки, заклучоци и други акти кои произлегуваа од одржаните седници и по потреба истите ги реализираше до Советот на Општина Охрид.

***ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ***

Во текот на 2019 година Секторот изготвуваше писма, дописи и останата секојдневна кореспонденција со надворешни правни и физички лица. По барање на службите и менаџерскиот тим, изготвуваше извештаи, информации, планови, програми и слично сето тоа во рамките на делокругот на своето работење.

***РАБОТНИ ОДНОСИ***

Работните односи се во рамките на одделението за човечки ресурси, кое одделение извршува вообичаени активности поврзани со службеничките односи како што се вработувањето, учењето и развојот, напредувањето, работните односи, изготвување на општи акти, водење на кадрова евиденција, технички работи околу прием на работници и сл. Се реализира целата постапка околу пријавување и одјавување на работници, се води матична книга на вработените, документација за остварување на правото на пензија, налози за плата во овој сектор, евиденција за распоредот и користењето на годишните одмори, договори за вработување врз основа на Колективниот договор за комунални дејности, Законот за работни односи, Законот за вработување во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Статутот на ЈП "Охридски Комуналец" –Охрид.

- ***СУДСКИ АКТИ***

Во рамките на овој Сектор на ЈП "Охридски Комуналец" –Охрид се изготвија голем број опомени пред тужба и опомени пред барање за извршување за правни и физички лица со цел да се одбегнат поголеми трошоци:

- доставени се 1320 предлози (1182 за физички лица и 138 за правни лица) за донесување на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа врз основа на доставени податоци;
- поднесени се 14 Тужби за непочитување на Договори за одложено плаќањена рати до Основниот суд;
- доставени се до извршител 9 барања за извршување (6 за физички лица и 3 за правни лица).

Во соработка со адвокатот на ова претпријатие изготвени се бројни одговори на тужби, жалби, приговори и поднесоци за предмети кои се водат пред надлечните судови, а во врска со нашето претпријатие.

**Февруари,**
**2021 год.**

